**Канцеларија на проектот:**
Министерство за труд и
социјална политика
Даме Груев 14, 1000 Скопје

| | |
|---|---|
| **Наслов на договор:** | **Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите** |
| **Број на договор:** | **2010/258-484** |
| **Предмет:** | **Извештај од оценката на потребите за обука** |

## Резиме

### Пристап

Еден од начините за постигнување на проектната цел е преку обезбедување на стручна надградба и организациски развој за корисничките институции на национално и локално ниво, што подразбира развој на човечките ресурси заради ефективна имплементација на Стратегија за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите.

Поради потребата од градење на капацитетите на овие институции и организации, оцената на потребите од обука (ОПО) беше спроведена во периодот мај-јуни 2011 година со цел да се осмисли план на обуки кои се предвидени како дел од проектните активности. ОПО исто така ќе помогне да се развие најсоодветниот пристап за обучување согласно идентификуваните потреби

### Намена на Извештајот

Целта на овој извештај е да ги оцени и јасно да ги идентификува барањата за обука кои се заеднички за учесниците од сите кориснички институции и структури како и барањата конкретни за различните институции и поединци.

Овој извештај исто така дава оценка на капацитетот на персоналот на различните кориснички институции во поглед на нивната можност да ги примат обуките. Извештајот исто така има за цел да помогне во донесувањето на конечна одлука за точниот број на обуки и учесници од секоја корисничка институција и целна група, како и можностите за надополнување со други слични активности за градење на капацитетите што постојат на терен.

Планирањето на обуката на ОИСДР, Кабинетот на МбР, НКТ, РИЦ-и о персоналот од избраните општини, како и на НВО-и, следи еден интегриран пристап со цел да се води сметка да не дојде до преклопувања и проектот најдобро што може да ги искористи своите ресурси. Методот за собирање на податоци беше скроен за секој конкретен корисник, земајќи ги исто предвид областите заеднички за некои или сите корисници. ОПО беше осмислена и спроведена за сите корисници со ист пристап, употребувајќи посебни но слични методи за собирање на податоците за секоја целна група.

### Структура на извештајот

Извештајот во детали ги истражува потребите од обука на претставниците на корисничките институции и на целните групи, Во текот на оценката, нагласокот беше ставен врз самото нивно согледување и очекувања за обуки што треба да се испорачаат заради градење на нивните капацитети, особено во однос на нивната подготвеност за имплементација на Стратегија за Ромите и активности поврзани си Декадата за вклучување на Ромите. Голем дел од испитаниците кои беа контактирани за потребите на оваа оценка ги пополнија сеопфатните прашалници коишто беа изработени посебно за секоја целна група. Понатаму, врз основа на добиените одговори и разгледување на документите, извештајот ги дава клучните наоди коишто ја даваат главната насока за дефинирање на материјата и целите на обуките. Конкретен резултат од оваа ОПО е планот на обуки којшто се состои од предложени теми за обука и провизорен распоред, времетраење и целни групи за секоја обука. Извештајот содржи и извесен број на анекси коишто ги надополнуваат информациите дадени во основниот текст.

**Методологија**

Намената на ова истражување е да ги утврди потребите од обука на корисничките институции и организации коишто учествуваат во проектот. Важен аспект од методологијата применета во оваа ОПО се конкретните теми за обука што треба да се покријат – мора да се однесуваат на градењето на нивните капацитети за имплементација на Стратегијата и Декадата за вклучување на Ромите. Во тој поглед, истражувачкиот тим обрна посебно внимание да не создаде очекување дека ќе бидаат испорачани сите обуки што ќе ги посакаат. Ова особено се однесува на членовите на НКТ, персоналот од општинската администрација, и персоналот од НВО-и. Ова им беше нагласено во текот на истражувањето.

Методот за спроведување на ОПО беше комбинација од интервјуа, групни дискусии и испраќање на прашалници. Методот зависеше од големината и степенот на хомогеност на целните институции и организации. Постојат 6 различни целните групи што беа засегнати со ОПО -

- Персоналот на ОИСДР – 2 советници и 2 ангажирани во проектот *Вклучување на децата Роми во претшколското образование.*
- Персоналот на Кабинетот на МбР – раководител на Кабинетот и уште 3 вработени,
- Членови на НКТ – за нив ОПО беше спроведена со помош на репрезентативен примерок кој се состоеше од институциите коишто до сега биле активни и присутни во проектните активности,
- Администрација на целните општини – оваа група беше поделена во две подгрупи -
    - Општински службеници за односи со малцинствата, и
    - Друг општински персонал надлежен за имплементација на плановите и активностите поврзани со вклучувањето на Ромите,
- Ромски информативни центри – сите 14 членови на персоналот којшто во моментот е вработен во 9те РИЦ-и,
- Ромски НВО-и кои делуваат на национално и/или локално ниво,

Како што се гледа од овој попис, целните групи се прилично разновидни во споредба едни со други, но и помеѓу поединците во самата група. Хомогеноста тешко можеше да се најде – испитаните лица се разликуваат на повеќе начини, овде ќе ги споменеме само некои -

- Возраст и искуство

- Експертиза
- Квалификации
- Локација
- Степен ан формално образование
- Централно наспроти локално ниво на институции и организации.

Во процесот на оваа ОПО, експертите како појдовна точка ја искористија постојната методологија за обучување разработена од страна на Агенцијата за државни службеници, како што беше препорачано со проектните задачи на проектот.

***Интервјуа лице во лице***

Овој метод допушта истражување на дополнителни теми што беа истакнати од соговорниците како и појаснување на одредени точки во текот на самиот разговор. Намената на ова интервју беше да се утврди видот на обуките што се потребни како и приоритетите за обучување.

За таа цел, тимот за ОПО спроведе интервјуа лице во лице со 4 членови на НКТ коишто ги претставуваат клучните институции и засегнати страни и коишто биле најмногу активни во активностите поврзани со проектот до сега - Министерство за образование и наука (МОН), Министерство за транспорт и врски (МТВ), Агенција за вработување на РМ (АВРМ), и Државен завод за статистика (ДЗС).

Разговорите се водеа и при теренски посети спроведени како дел од проектните активности на локално ниво. Соговорниците беа претставници на општинската администрација, РИЦ-и и НВО-и.

Оној што го водеше интервјуто имаше на располагање отпечатен список на прашања и го водеше разговорот според нив, едно по едно. Пристапот се состоеше во тоа да се употребат исти прашања со сите соговорници со цел да се осигура доследност цо информациите што беа собрани.

Интервјуата се одржаа и со претставниците на меѓународните организации коишто во моментов испорачуваат обуки на некои целни групи од проектот - ОБСЕ, ИОМ, и Хабитат за хуманост.

Интервјуата беа однапред закажани со доволно одвоено време за нивно одржување. Целта на интервјуата секогаш јасно се кажуваше на самиот почеток на разговорот. Пристапот во структурирањето на прашањата беше таков што им допушташе на соговорниците да го поттикнат сопственото размислување.

***Групна дисксуија***

Групната дискусија се водеше со персоналот на ОИСДР. Се дискутираше за нивните очекувања од обуките во рамките на проектот, претходните обуки што ги добиле и што корист имале од истите, како и прашалниците кои претходно им беа доставени и на кои тие доставија писмени одговори.

***Прашалници***

Значаен дел од ОПО се состоеше во испраќање на прашалниците и собирање на одговорите од нив. Подолу во овој извештај дадена е табела во која се попишани сите испитаници на кои им беа испратени прашалниците. Повеќето вратија писмени одговори. Покрај ова, некои прашалници исто така беа пополнети и за време на интервјуата лице во лице за кои зборувавме погоре. Информациите собрани со овие прашалници послужија како главна основа за анализа и препораките од овој извештај.

Прашалниците се разликуваа зависно од целните групи и различните улоги што ги имаат во проектот. Прашалниците за некои групи – на пример, персоналот на ОИСДР,

Кабинетот на МбР и РИЦ-и – беа посеопфатни и содржеа поопсежни прашања, во споредба со, на пример, прашалникот за членовите на НКТ. На сличен начин се разликуваа и прашалниците за општинските службеници за односи со малцинствата споредено со прашалникот за персоналот од општинската администрација.

Покрај тоа, бидејќи овие целните групи земени заедно сочинуваат голем вкупен број на лица, тимот за ОПО се заложи да ги спроведе интервјуата каде што е соодветно и неопходно како и да ги прати прашалниците по можност на секој поединец или организација коишто се сметаа за потенцијални обучувачи. Во поглед на НВО-и, на пример, ова значеше дека не секој во организацијата беше вклучен поединечно во истражувањето – им дадовме прилика да дадат одговори во името на 1-2 претставници. Ова е бидејќи не е реалистично во обуката да се вклучат сиот персонал на НВО-и кои што се погодни и волни да учествуваат. Ни се чинеше корисно да интервјуираме и неколку претставници на НВО-і покрај тоа што доставиле писмени одговори, и тие интервјуа беа спроведувани во текот на теренските посети.

Како дел од прашалниците, на испитаниците им беше предложен список на теми за обука, така што да можат самите себеси да се оценат колкаво знаење и разбирање имаат за тие теми. Изборот на темите беше направен согласно препораките од проектните задачи (ТоР) на проектот.

***Консултации***

Сите чекори и фази од ОПО беа консултирани и договорени со клучните претставници и лица за контакт од корисничките институции на централно ниво – МТСП и Кабинетот на МбР. На овој начин се финализираа прашалниците за ОПО, и второ, ова беше направено со цел да се осигура ефективна употреба на човечки ресурси без да се дуплираат активностите.

***Анализа***

Последниот чекор во процесот беше анализата на собраните информации и нивно преточување во план за обука. Во текот на истражувањето Тимот за ТП имаше предвид дека истражувачката работа не мора нужно да претставува единствен извор на информации за обуките и планот може да засегне и теми коишто не биле споменати од испитаниците во текот на истражувањето – на пример, темите препорачани во проектните задачи (ТоР) или содржани во заклучоците од оценката на имплементацијата на Стратегија за Ромите.

**Клучни заклучоци**

- *Разновидност на целните групи* – ОПО до одредена мера беше усложнета од тоа што оценетите целни групи се различни во број на аспекти – големина, видови и нивоа на оперативност на организациите и институциите, доминантното ниво на образование, знаење и искуство во областа на вклучувањето на Ромите.
- *Релевантност на темите за обука* - повеќето од респодентите на ОПО имаат добиено разновидна обука; од друга страна, не сите претставници на целните групи учествувале во сите наведени обуки, сепак, добиените обуки се земени предвид додека е развиван планот за обука

Тимот на ОПО ги резимира нивните одговори и ги разгледа темите кои беа најчесто спомнувани.

Целта на градење капацитети преку овој проект не е да ги задоволи сите очекувања на целните групи во поглед на обука. Проектот има за цел да ги изгради капацитетите на целните групи на централно и локално ниво за имплементација на активностите кои се однесуваат на Стратегијата и Декадата на Ромите – тоа беше

водечко начело кога се одлучување за темите кои ќе бидат вклучени во планот за обука.

- *Форма на обуката* - поголемиот дел од resподентите преферираат ‘работилница’ како форма на обука. Во поединечни случаи спонати беа ‘менторство’ (обука на работно место), ‘дебати’, ‘дискусии’, ‘студиски посети’, и ‘стажирање’ како преферираn облик на обука.

- *Состав на групите за обука* – за оваа цел беше земено предвид —
    - улогата на секоја група во проектот,
    - потребите и недостаток на потребните вештини или способности идентификувани во ОПО;
    - моменталната интеракција помеѓу различни групи;
    - потребата за подобра комуникација и соработка помеѓу нив во поглед на целта и намерата на проектот.

- *Критичка оценка на заклучоците* – тимот на ОПО обрна внимание да не дојде до повторување и да обезбеди конзистентност со севкупната улога на соодветните институции и организации. Во основа беа разгледани две главни области од градење капацитети: (1) Градење капацитети за програмски цели: и (2) Градење капацитети за институционален/организациски развој. Предложените теми за обука имаат за цел да пополнат колку што е можно некои празнини во однос на овие две области.

- *Користење на постоечките методологии за обука и материјали за обука.*

Проектните задачи препорачуваат дека “веќе постоечките методологија и материјали за обука, на пример како дел од обуките на Агенцијата за државни службеници, ќе бидат прилагодени и вклучени во пакетот за обука, ако за тоа има потреба.”

Тимот за ОПО доби и разгледа пакет на аутпути од обука од проектот финансиран од ИПА “Техничка помош за Агенцијата за државни службеници и зајакнување на имплементацијата на националниот систем за координација на обуките.” Тие вклучуваат објаснување на стандардите за обука и бројни насоки за –

- ОПО,
- селекција на обучувачи,
- следење (мониторинг) на обука,
- обука на обучувачи (ОнО),
- развивање на наставна програма,
- разбирање на циклусот на обука,
- стратегија за планирање на обуки,
- планирање, организирање и евалуација на обуки,
- развивање на курс.

Горенаведените насоки за ОПО посебно беа користени за референца за целите на оваа оценка. Тимот за ОПО ќе препорача да се користи остатокот од овие насоки од обучувачите на овој проект.

Исто така, горespоменатиот пакет содржи материјали за обука за повеќе различни теми. За целите на имплементацијата на планот за обука, произлезен од оваа оценка, тимот за ОПО препорачува користење на достапните материјали, особено за теми како работа во тимови и решавање на конфликти.

**План за обука**

Планот за обука е приложен како анекс на овој извештај. За развој на овој план беа земени предвид клучните заклучоци од оваа ОПО како и препораките за обука наведени во проектните задачи (ТоР) и заклучоците од оценката на Стратегијата на Ромите која беше спроведена како дел од овој проект.